

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2017

## БДО ДОО СКОПЈЕ

## Содржина:

*Вовед* 3

*Опис на правната структура и сопственост* 4

*Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа* 5

*Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија* 6

*Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем* 6

*Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот* 7

*Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година* 8

*Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени* 10

*Изјава за политиката што ја следи друштвото за континуирано професионално Усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината за која се известува* 10

*Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги* 10

*Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор* 10

*Прилог 1* 12

*Прилог 2* 13

*Прилог 3* 14

## Вовед

Извештајот за Транспарентност за 2017 година претставува јавен показател за нашата посветеност и мотивираност кон обезбедување на високо професионални и квалитетни ревизорски услуги на нашите клиенти во Република Македонија и странство.

Овој Извештај е подготвен во согласност со член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник на Р.М. бр. 158/2010...23/2016) како и со Насоките за подготовка на Извештајот за Транспарентност, издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија во месец март 2015 година.

Извештајот на јасен и концизен начин ги обелоденува податоците за правната и управувачката структура на Друштвото, членството и описот на глобалната мрежа од која сме дел, друштвата кај кои БДО, ДОО вршел ревизија во текот на минатата финансиска година, внатрешниот систем на контрола и квалитет како и остварените финансиски резултати во деловната 2017 година.

## Опис на правната структура и сопственост

Друштвото за ревизија БДО ДОО е регистрирано за вршење на ревизија и запишано во трговскиот регистар на регистарскиот суд во Скопје под рег. бр. 9216/98 од 18.01.1999 година, ЕМБС 5264731. Во 2011 година друштвото го смени називот/фирмата од Димитров Ревизија ДОО во БДО ДОО, Скопје и изврши промена на сопственичката структура.

Друштвото има валидна дозвола за работа под број 12-41137/2 од 15.12.2011 година издадена од Министерството за финансии за вршење на ревизија без ограничување на нејзината важност.

Друштвото е регистрирано под бр. ДР006 во Регистарот на ИОРРМ.

Друштвото има Лиценца за вршење на работи на ревизија со регистарски број 05 издадена од Советот за Унапредување и Надзор на Ревизијата на ден 26.06.2013 година.

Бројот на вработени во друштвото на 31.12.2017 година изнесува 26 лица (31.12.2016 – 26 лица). Со состојба на датумот на известување 31.03.2017 година бројот на вработени изнесува 26 лица. Најголем дел од вработените се на неопределено полно работно време.

Сопствениците на друштвото се: Димитров Душан, Димитров Драган, Звонко Кочовски, Елена Петревска-Лазаревски и БДО ДОО Белград. Физичките лица - содружници се овластени ревизори и членови на Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија (ИОРРМ).

Основната главнина на друштвото изнесува 1.240.000 МКД.

Соодносот на содружниците во сопственоста е следниот:

| **Содружник:** | **Статус** | **Удел во апсолутен износ во МКД** | **Удел во %** |
|---|---|---|---|
| **Димитров Драган** | Овластен ревизор | 632.400 | 51% |
| **Димитров Душан** | Овластен ревизор | 235.600 | 19% |
| **Кочовски Звонко** | Овластен ревизор | 31.000 | 2,5% |
| **Елена Петровска - Лазаревски** | Овластен ревизор | 31.000 | 2,5% |
| **БДО ДОО Белград** | Правно лице | 310.000 | 25% |

Сопственичката структура и износот на основната главнина не се променети во однос на претходната година.

### *Основна дејност:*

Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата и странство, ниту пак има сопственички удел во други друштва во земјата и странство.

Согласно одредбите на Законот за ревизија, Друштвото има годишно осигурување од одговорност според Полиса бр. 130280004453 со минимална сума на покривање од 250.000,00 ЕУР (15.423.675,00 МКД) и период на осигурување 02.04.2017 - 02.04.2018 година, како и Полиса бр. 130280005694 исто така со минимална сума на покривање од 250.000 ЕУР и период на осигурување 02.04.2018 – 02.04.2019 година.

Истовремено, Друштвото има годишно осигурување од одговорност според Полиса бр. RL 242/17 од 27 септември 2017 година склучена од страна на БДО ДОО Белград, Република Србија во корист на БДО ДОО Скопје, со минимална сума на покривање од 3.200.000,00 УСД и период на осигурување 23.09.2017 - 23.09.2018 година.

## Опис на професионалната мрежа и правните и структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Почнувајќи од октомври 2011 година друштвото стана член на BDO International Limited. BDO International Limited е компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија.

Секоја индивидуална БДО фирма е членка на BDO International Limited. БДО е заштитено бренд име за секоја фирма членка и за БДО Интернационал. Со БДО мрежата управува Совет, Одбор за политики и Извршен директор (или Глобален лидерски Тим).

Советот се состои од по еден претставник од секоја фирма членка со право на глас, а ги вклучува и членовите на BDO International Limited. Советот ги одобрува буџетите, го назначува Глобалниот одбор и утврдува какви било промени во Статутот и Правилата на BDO International Limited.

Глобалниот одбор, кој е всушност Одборот на директори на BDO International Limited, во моментов се состои од претставници на седумте најголеми фирми-членки на мрежата, чие назначување, секое за период од три години, е одобрено од страна на Советот. Глобалниот одбор ги поставува политиките и приоритетите за мрежата и ја надгледува работата на Глобалниот лидерски тим. Глобалниот Одборот се состанува најмалку четири пати годишно и повеќе ако е потребно. Глобалниот лидерски тим има задача да ги координира активностите на мрежата на дневна основа.

Обезбедувањето на услуги во рамките на мрежата на БДО е координирано од страна на Brussels Worldwide Services BVBA, друштво со ограничена одговорност со седиште во Брисел. BDO International Limited и Brussels Worldwide Services BVBA не обезбедуваат никакви професионални услуги на клиенти. Тоа е задача на фирмите членки на мрежата.

Секој од BDO International Limited, Brussels Worldwide Services BVBA и фирмите-членки на БДО мрежата е посебно правно лице и не сноси одговорност за делата или пропустите на друг таков ентитет.

“БДО Интернационал” мрежата дејствува во 162 земји. Вкупниот број на канцеларии изнесува 1.500, додека бројот на вработени на ниво на мрежа изнесува над 73.854.

Вкупно остварениот приход на BDO International Limited изнесува УСД 8,1 милијарди (вклучувајќи ги подружниците), заклучно со 30.09.2017 год.
Односите со БДО Интернационал се регулирани со посебни договори и тоа договор за придружување, договор за услуги и лиценца за фирма членка. Договорите се потпишани на 01 октомври 2011 година.

## Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија

Со друштвото управува управителот Драган Димитров, овластен ревизор. Друштвото има надзор т.е. контролор. Оваа функција ја врши лицето Душан Димитров, овластен ревизор.

Во текот на 2017 година друштвото имаше девет овластени ревизори, додека на 31.12.2017 година нивниот број изнесуваше осум овластени ревизори. Согласно организационата структура на 31.12.2017 година тие беа на следните позиции:

- Драган Димитров - Извршен партнер, Управител;
- Кочовски Звонко – Партнер;
- Елена Петровска Лазаревски – Партнер;
- Сашка Бошковска Богдановска – Менаџер;
- Иван Богдановски – Менаџер;
- Даниела Козарева Јованов – Супервизор,
- Даниела Илиовска – Супервизор,
- Миа Јовановиќ – Сениор.

Овластениот ревизор Дарко Калин го напушти БДО во септември 2017 г.

## Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем

Друштвото има донесено политики и процедури за системот на контрола на квалитетот и тоа вклучувајќи ги следните елементи:

- одговорност на лидерот за спроведување на квалитетот во друштвото;
- етички барања;
- прифаќање и продолжување на контактите со клиентот;
- човечки ресурси;
- извршување на ангажман;
- мониторинг.

Политиките и процедурите за системот на контрола на квалитетот се срочени во Упатството за интерните процедури за контрола на квалитетот при ревизија на финансиски извештаи, преглед на финансиски извештаи и други ангажмани врз чија основа се дава уверување. Целта на Упатството е да се обезбеди примена на Меѓународните стандарди за контрола на квалитетот – ISQC 1 (“International Standard on Quality Control 1”) и да даде правец во врска со одговорностите на Друштвото за квалитетот на ревизиите на годишните финансиски извештаи и прегледот на финансиски информации, како и за други сродни услуги за кои се дава уверување. Покрај наведеното, целта е да се конкретизираат одговорностите и да се распоредат вработените во склад со нивните функции. Упатството е направено на барање на ISQC 1 како и деловите А и Б од IFAC- Етички кодекс за професионални сметководители и Меѓународниот стандард за ревизија – MSR 220 “Контрола на квалитетот на ревизијата на финансиски извештаи”.

Изјавата за функционирање на системот на интерна контрола е дадена како Прилог бр. 1 кон овој Извештај.

## Последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот

Последната проверка на контрола на квалитет согласно член 20 од Законот за ревизија од страна на ИОРРМ е извршена во ноември-декември 2016 година, а датумот на извештајот од извршената контрола од страна на ИОРРМ е 31.01.2017 година. Контролата на квалитет се однесува на проверка на извршените ревизии во 2015 година, а кои се однесуваат на финансиските извештаи заклучно со датум 31.12.2015 година.

## Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

| Р.б | Назив на субјекти на ревизија/проверка | Тип на дејност | Статутарна /договорна ревизија/проверка |
|---|---|---|---|
| 1 | ЈРП Македонска Радио Телевизија | услуги | Законска |
| 2 | Сцена ДООЕЛ | услуги | Договорна |
| 3 | Аргус ДООЕЛ | услуги | Договорна |
| 4 | База ДООЕЛ | услуги | Договорна |
| 5 | Сардич МС ДООЕЛ | призводство | Законска |
| 6 | Копер Инвестментс АД | призводство | Законска |
| 7 | Евроинс Осигурување АД | финансии | Законска |
| 8 | ЦЕЕД Фондација | друго | Договорна |
| 9 | Инет ДОО | трговија | Законска |
| 10 | Делта Бет ДООЕЛ | услуги | Законска |
| 11 | ПЗУ Филип 2 Скопје | услуги | Законска |
| 12 | Аутомобиле СК ДОО | трговија | Законска |
| 13 | Фимар Балкан АД | трговија | Законска |
| 14 | Автонова ДОО | трговија | Законска |
| 15 | Палтекс АД | производство | Законска |
| 16 | Моби Петрол ДООЕЛ | трговија | Законска |
| 17 | Еуроимпекс ДОО | трговија | Законска |
| 18 | Порр Градежништво ДООЕЛ | услуги | Законска |
| 19 | Лесна ДООЕЛ | трговија | Договорна |
| 20 | Смалл Инвестмент Фунд | друго | Договорна |
| 21 | Милиеуконтакт Македонија | друго | Договорна |
| 22 | Микро Инвестмент Фунд | друго | Договорна |
| 23 | Попова Кула АД | производство | Законска |
| 24 | Нова Рефрактори ДОО | производство | Законска |
| 25 | Евро Гејмс Технолоџи ДООЕЛ | трговија | Законска |
| 26 | ИТ Матрикс ДОО | услуги | Законска |
| 27 | Фего Инженеринг ДОО | услуги | Законска |
| 28 | Идевелоп | услуги | Законска |
| 29 | Малисто Инвестментс ДООЕЛ | услуги | Законска |
| 30 | БИРН Скопје | друго | Договорна |
| 31 | Прима.Мк ДОО | трговија | Законска |
| 32 | Мост | друго | Договорна |
| 33 | МТШ Жас АД Скопје | Услуги | Законска |
| 34 | СБВ | Производство | Законска |
| 35 | САГА | Трговија и услуги | Договорна |
| 36 | Фустеларко | Производство | Законска |
| 37 | Принтек | Трговија и услуги | Договорна |
| 38 | Вајомаг ДОО Скопје | Трговија | Законска |
| 39 | Агрокуманово АД Куманово | Услуги | Законска |
| 40 | Галеб АД | Услуги | Законска |
| 41 | Караорман АД | Услуги | Законска |
| 42 | Сцан Цолор ДООЕЛ | Трговија | Законска |
| 43 | ОЖО Св. Николе | друго | Договорна |
| 44 | Спорт Висион ДООЕЛ Скопје | Трговија | Законска |
| 45 | НРЦ | друго | Договорна |
| 46 | Агротехна Скопје | трговија | Законска |
| 47 | Бучим Радовиш | производство | Законска |
| 48 | Флоренс Најтингејл Куманово | друго | Договорна |
| 49 | Интраком Констракшн Сосиете | услуги | Законска |
| 50 | Градски Паркинг | услуги | Законска |
| 51 | Македонски Полициски Синдикат | друго | Договорна |

| Р.б | Назив на субјекти на ревизија/проверка | Тип на дејност | Статутарна /договорна ревизија/проверка |
|---|---|---|---|
| 52 | ФК Победа | друго | Законска |
| 53 | Скуп МК | друго | Договорна |
| 54 | Спектра | друго | Законска |
| 55 | ИДСЦС | друго | Договорна |
| 56 | Комфи Ангел | Производство | Законска |
| 57 | Солопром | Трговија | Законска |
| 58 | Магнолија | Производство | Договорна |
| 59 | Бадел 1862 АД | трговија | Законска |
| 60 | Баско Трејд 2014 Доо | трговија | Договорна |
| 61 | Беташпед Доо | услуги | Законска |
| 62 | Виничанка Доо | услуги | Договорна |
| 63 | Ван Винкел Фешн Дооел | услуги | Договорна |
| 64 | Интернешнел Хотелс АД | услуги | Законска |
| 65 | ИТС Искрател | услуги | Договорна |
| 66 | КБ Публикум | финансии | Законска |
| 67 | Инекс Дрим АД | услуги | Законска |
| 68 | Меркур Доо | трговија | Законска |
| 69 | Висока Школа за Новинарство | друго | Договорна |
| 70 | Македонски Институт на Медиуми | друго | Договорна |
| 71 | Институт на комуникациски студии | друго | Договорна |
| 72 | КЈП Водовод | услуги | Законска |
| 73 | М-НАВ АД | услуги | Законска |
| 74 | ГМ Трејд Солушнс Дооел | услуги | Законска |
| 75 | Лајф Визион АД | друго | Законска |
| 76 | Гемак Трејд | трговија | Законска |
| 77 | Нико 2002 Дооел | трговија | Законска |
| 78 | Златна Копачка Еден ДОО | друго | Законска |
| 79 | Цивил | друго | Договорна |
| 80 | КЈП Водовод | услуги | Законска |
| 81 | Младински Образовен Форум | друго | Договорна |
| 82 | Аква Здружение | друго | Договорна |
| 83 | ПЗУ Синлаб | друго | Договорна |
| 84 | Антура | Производство | Законска |
| 85 | СН Брокер Битола | финансии | Законска |
| 86 | Хај - Теч Корпорација ДОО | производство | Договорна |
| 87 | Центар за истражување и креирање политики | друго | Договорна |
| 88 | Пеко | трговија | Законска |
| 89 | Здружение ХОПС | друго | Договорна |
| 90 | Сингелиќ | Производство | Договорна |
| 91 | Текспорт | трговија | Законска |
| 92 | Слога Пром | трговија | Договорна |
| 93 | ЗАМП | услуги | Договорна |
| 94 | Дигитал Фајнанс Интернешнал | услуги | Законска |
| 95 | Алсар Прв Хеџ Фонд Скопје | друго | Договорна |
| 96 | Институт на директори | друго | Договорна |

## Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Друштвото има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или не можат да се извршат од страна на Друштвото како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да му помогне на Друштвото во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите.
Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 2 кон овој Извештај.

## Изјава за политиката што ја следи друштвото во текот на претходната година

Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 3 кон овој Извештај.

## Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и од други надоместоци расчленет на четири категории од услуги на ревизија, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги

***Приходите во 2016 и 2017 година, разграничени по видови се како што следи:***

*2016 година*

| Сектор | Во МКД |
|---|---|
| Ревизија | 16.707.227 |
| Сметководствени услуги | 10.718.200 |
| Вештачење | 490.638 |
| Проценки | 1.279.533 |
| Други приходи | 1.929.956 |
| ***Вкупно*** | ***31.125.554*** |

*2017 година*

| Сектор | во МКД |
|---|---|
| Ревизија | 21.629.386 |
| Сметководствени услуги | 11.059.059 |
| Вештачење | 363.008 |
| Проценки | 597.250 |
| Други приходи | 3.915.232 |
| ***Вкупно*** | ***37.563.935*** |

## Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува во вид на бруто плата согласно решение од страна на друштвото, а врз основа на позицијата во друштвото, одговорноста и доверените задачи, искуството и години на работен стаж, ангажираноста и сл.

Управител
Драган Димитров

Друштво за ревизија БДО
BDO
ДОО Скопје

## Прилози кон Извештајот за транспарентност

**Прилог бр.1**

**ИЗЈАВА**
**за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

Управителот на Друштвото за ревизија БДО ДОО, Скопје изјавува дека во текот на 2017 година ги имплементирало сите политики и процедури за ефикасно и ефективно функционирање на внатрешниот систем за контрола на квалитетот на Друштвото.

Драган Димитров
Управител

**Прилог бр.2**

## ИЗЈАВА

## за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Управителот на Друштвото за ревизија БДО ДОО, Скопје изјавува дека Друштвото е независно во своето работење и дека постојат интерни процедури за проверка на независноста на сите вработени.

Драган Димитров
Управител

Друштво за ревизија БДО
BDO
ДОО Скопје

**Прилог бр.3**

**ИЗЈАВА**
**за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината**

Управителот на Друштвото за ревизија БДО ДОО, Скопје изјавува дека Друштвото доследно ја има следено политиката за континуирано професионално усовршување како на овластените ревизори така и на останатите вработени во текот на деловната 2017 година.

Драган Димитров
Управител

**БДО ДОО СКОПЈЕ**
11 Октомври бр. 86/1-1
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3117 888
Факс: +389 2 3117 999

www.bdo.mk

БДО ДОО Скопје, трговско друштво основано во Република Македонија е членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност со седиште во Белика Британија е дел од фирмите членки на меѓународната БДО мрежа.
БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка на БДО мрежата.

BDO DOO Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of BDO International Limited, a UK company limited by guarantee, and forms part of the international BDO network of independent member firms.
BDO is the brand name for the BDO network and for each of the BDO member firms.